# Службен гласник

## на Општина Валандово

Број 01 02.02.2024, петок

www.valandovo.gov.mk

**С О Д Р Ж И Н А**

**Градоначалник на Општина Валандово:**

1. **Решение** за констатирање престанок на мандат на вршител на должноста Директор на Јавната општинска установа Дом на културата „25 Мај" Валандово................ 3
2. **Решение** за именување на вршител на должноста Директор на Јавната општинска установа Дом на културата „25 Мај" Валандово........................................... 3
3. **Решение** за констатирање престанок на мандат на вршител на должноста Директор на Јавното претпријатие „Комунален сервис" Валандово.......................................... 4
4. **Решение** за именување вршител на должноста директор на Јавното претпријатие „Комунален сервис" Валандово........................................................................... 4
5. **Решение** за избор на Директор на СОУ „Гоце Делчев" Валандово……………………………………………………..…….5

**Совет на Општина Валандово:**

1. **Решение** за објавување на Решение за именување на член - вработен во општинската администрација на Општина Валандово во Управниот одбор на Ј.У. Центар за социјална работа Валандово........................................ 6
2. **Решение** за именување на член - вработен во општинската администрација на Општина Валандово во Управниот одбор на Ј.У. Центар за социјална работа Валандово........................................................................... 6
3. **Решение** за објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2024 година................................................. 6
4. **Одлука** за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2024 година............... 6
5. **Решение** за објавување на Одлуката за доделување на признание и еднократен паричен надоместок за освоени награди на меѓународни државни натпревари.................. 7
6. **Одлука** за доделување на признание и еднократен паричен надоместок за освоени награди на меѓународни државни натпревари........................................................... 7
7. **Решение** за објавување на Одлуката за определување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2024 година.......... 8
8. **Одлука** за определување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2024 година................................. 8
9. **Решение** за објавување на Одлуката за определување на просечната цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шуми и пасишта на подрачјето на Општина Валандово за 2024 година............................ 9
10. **Одлука** за определување на просечната цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шуми и пасишта на подрачјето на Општина Валандово за 2024 година................................................. 9
11. **Решение** за објавување на Одлуката за утврдување на приоритет на Проект „Изградба на водоснабдителен систем за с.Калково, Општина Валандово"..................... 10
12. **Одлука** за утврдување на приоритет на Проект „Изградба на водоснабдителен систем за с.Калково, Општина Валандово"....................................................... 11
13. **Решение** за објавување на Одлуката за давање согласност и овластување за потпишување на Договор за грант.................................................................................. 11
14. **Одлука** за давање согласност и овластување за потпишување на Договор за грант................................. 11
15. **Решение** за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на ЈП "Комунален Сервис" Валандово......................................................................... 12
16. **Одлука** за одобрување на финансиски средства на ЈП "Комунален Сервис" Валандово...................................... 12

**17. Решение** за објавување на Одлуката за прифаќање на донација на Основен проект на нов објект со намена В2 – детска градинка на КП бр.15328, КО Пирава, Општина Валандово........................................................................ 12
**18.Одлука** за прифаќање на донација на Основен проект на нов објект со намена В2 – детска градинка на КП бр.15328, КО Пирава, Општина Валандово..................... 13
**19.Решение** за објавување на Одлуката за давање согласност за воведување на нов образовен профил во СОУ „Гоце Делчев" Валандово........................................ 13
**20.Одлука** за давање согласност за воведување на нов образовен профил во СОУ „Гоце Делчев" Валандово.... 13
**21.Решение** за објавување на Одлуката за прифаќање на донација на движни ствари и давање на трајно користење на ЈП "Комунален Сервис" Валандово............................ 13
**22.Одлука** за прифаќање на донација на движни ствари и давање на трајно користење на ЈП "Комунален Сервис" Валандово........................................................................ 13
**23.Решение** за објавување на Одлуката за утврдување на приоритет на Проект „Изградба на локален пат Јосифово – Калково"......................................................................... 14
**24.Одлука** за утврдување на приоритет на Проект „Изградба на локален пат Јосифово – Калково".............. 14
**25.Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година............................................................. 14
**26.Заклучок** за усвојување на Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година................. 14
**27.Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализираната годишна програма за работа на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај" Валандово за 2023 година....................................................................... 15
**28.Заклучок** за усвојување на Извештајот за реализираната годишна програма за работа на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај" Валандово за 2023 година........ 15
**29.Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај" Валандово за 2024 година....................................... 15
**30.Заклучок** за усвојување на Програмата за работа на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај" Валандово за 2024 година.................................................................................15
**31.Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештај за работата на Територијалната противпожарна единица Валандово во 2023 година....... 16
**32.Заклучок** за усвојување на Извештај за работата на Територијалната противпожарна единица Валандово во 2023 година....................................................................... 16
**33.Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештај за работата на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2023 година............................................... 16
**34.Заклучок** за усвојување на Извештај за работата на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2023 година............... 16
**35.Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово за второто полугодие од 2023 година.................................. 16
**36.Заклучок** за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово за второто полугодие од 2023 година................................................................................ 17
**37.Решение** за објавување на Заклучок за давање согласност за измена и дополнување на Статутот на ООУ „Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово....................... 17
**38.Заклучок** за давање согласност за измена и дополнување на Статутот на ООУ „Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово.................................................... 17
**39. Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализацијата на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2023 година......................................................................17
**40.Заклучок** за усвојување на Извештајот за реализацијата на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2023 година...................................................................... 17
**41.Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализацијата на Програмата за одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2023 година............................... 18
**42.Заклучок** за усвојување на Извештајот за реализацијата на Програмата за одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2023 година...................................................................... 18
**43.Решение** за објавување на Изјава дека Општина Валандово ги исполнува условите кои се бараат во врска со реализација на Проект: „Изградба на водоснабдителен систем за с.Калково, Општина Валандово".................... 18
**44.Изјава** дека Општина Валандово ги исполнува условите кои се бараат во врска со реализација на Проект: „Изградба на водоснабдителен систем за с.Калково, Општина Валандово"..................................... 18

Врз основа на член 34 став 3 во врска со член 38 од Законот за културата („Службен весник на РМ“ бр.31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА КОНСТАТИРАЊЕ ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ЈАВНАТА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ДОМ НА КУЛТУРАТА „25-ти МАЈ“-ВАЛАНДОВО**

1. **СЕ КОНСТАТИРА** престанок на мандатот, вршител на должноста Директор на Јавната Општинска Установа Дом на културата „25-ти Мај“ – Валандово, на Деан Исиров, по сила на законот, поради истек на времето за кое е именуван.
2. Функцијата вршител на должноста директор на Јавната Општинска Установа Дом на културата „25-ти Мај“ – Валандово, Деан Исиров ќе ја врши заклучно со ден 31.12.2023 година.
3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Деан Исиров, со Решение на Градоначалникот на Општина Валандово бр.04-699/2 од 29.06.2023 година, е именуван за вршител на должноста Директор на Јавната Општинска Установа Дом на културата „25-ти Мај“ – Валандово, до избирањето на нов директор, но не подолго од шест месеци од нејзиното именување.

Бидејќи извршувањето на должноста е ограничена со определен временски период, се одлучи како во диспозитивот на решението.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против оваа Решение може да се поднесе жалба преку Градоначалникот на Општина Валандово до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот.

Бр.04-1233/1 | Градоначалник
29.12.2023 год. | на Општина Валандово
Валандово | Перо Костадинов

---

Врз основа на член 34 став 3 во врска со член 38 од Законот за културата („Службен весник на РМ“ бр.31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ЈАВНАТА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ДОМ НА КУЛТУРАТА „25-ти МАЈ“-ВАЛАНДОВО**

1. Деан Исиров, вработен во Јавната Општинска Установа Дом на културата „25-ти Мај“ – Валандово, **се именува** за вршител на должноста директор на Јавната Општинска Установа Дом на културата „25-ти Мај“ - Валандово, сметајќи од 01.01.2024 година.
2. Вршителот на должноста директор од точка 1 на оваа Решение, ќе ги врши работите до изборот на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување.
3. Решението влегува во сила од денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Градоначалникот на Општина Валандово, поради истек на времето за кое е именуван, со Решение бр.04-1233/1 од 29.12.2023 година, констатира престанокот на мандатот на вршителот на должноста директор на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово.

При таква состојба, согласно член 34 од Законот за култура е пропишано дека веднаш се именува вршител на должноста директор, без јавен оглас, од редот на вработените.

Имајќи го тоа во предвид со ова Решение се именува вршител на должноста директор, кој работите ќе ги врши до именувањето на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против оваа Решение може да се поднесе жалба преку Градоначалникот на Општина Валандово до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот.

Бр.04-1233/2 | Градоначалник
29.12.2023 год. | на Општина Валандово
Валандово | Перо Костадинов

---

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96, 6/2002,40/2003,49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22 ), член 50 став 1 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за констатирање престанок на мандат на вршител на должноста Директор на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово**

**1.** **СЕ КОНСТАТИРА** престанок на мандатот, вршител на должноста Директор на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово, на Глигорије Џилвиџиев, поради истек на времето за кое е именуван.

**2.** Функцијата вршител на должноста директор на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово, Глигорије Џилвиџиев ќе ја врши заклучно со ден 20.01.2024 година.

**3.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Глигорије Џилвиџиев, со Решение на Градоначалникот на Општина Валандово бр.09-753/1 од 19.07.2023 година е именуван за вршител на должноста Директор на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово, до избирањето на нов директор, но не подолго од шест месеци од неговото именување.

Бидејќи извршувањето на должноста е ограничена со определен временски период, се одлучи како во диспозитивот на решението.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Решение може да се поднесе жалба преку Градоначалникот на Општина Валандово до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот.

Бр.09-101/1 Градоначалник
18.01.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 23 став 3 во врска со член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96, 6/2002,40/2003,49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22 ), член 50 став 1 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување вршител на должноста директор на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово**

**1.** Глигорије Џилвиџиев **СЕ ИМЕНУВА** за вршител на должноста директор на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово, сметајќи од 21.01.2024 година.

**2.** Вршителот на должноста директор од точка 1 на ова Решение, ќе ги врши работите до изборот на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување.

**3.** Решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Валандово“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Градоначалникот на Општина Валандово, поради истек на времето за кое е именуван, со Решение бр.09-101/1 од 18.01.2024 година, има констатирано престанок на мандатот на вршителот на должноста директор на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово.

При таква состојба, врз основа на член 23 став 3, во врска со член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија, Градоначалникот на општината, до изборот на нов директор, но не подолго од шест месеци, именува вршител на должноста директор на јавното претпријатие.

Имајќи го тоа во предвид се одлучи како во диспозитивот на оваа Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Решение може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот.

Бр.09-101/2 Градоначалник
18.01.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Градоначалникот на Општина Валандово, по предлог на Училишниот одбор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово бр.02-12/1 од 11.01.2024 година заведено под бр.04-86/1-1190/23 од 16.01.2024 година, врз основа на член 91 и член 92-а став 12 од Законот за средното образование („Службен весник на РМ“ бр.44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 34/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и („Службен весник на РМ“ бр.229/20 ), член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА**
**СОУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВАЛАНДОВО**

1. Ташка Гетова, вршител на должноста директор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово, **СЕ ИЗБИРА** за директор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово.

2. Мандатот на директорот трае четири години.

3. Избраниот директор должноста директор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово ќе отпочне да ја извршува од 17.01.2024 година.

4. Решението влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово“.

**О б р а з л о ж е н и е**

По спроведена постапка, согласно Законот за средното образование, Училишниот одбор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово, во пропишаниот законски рок, до Градоначалникот на Општина Валандово, достави предлог на кандидат за избор на директор на ова средно училиште.

Оценувајќи дека постапката за избор на директор на Средното општинско училиште е спроведена во согласност со Законот, а предложениот кандидат ги исполнува пропишаните услови за директор, Градоначалникот на Општина Валандово одлучи за директор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово да го избере предложениот кандидат од страна на Училишниот одбор, Ташка Гетова, сегашен в.д. директор на училиштето.

Избраниот директор со извршувањето на должноста ќе отпочне од 17.01.2024 година.

| | |
|---|---|
| Бр.04-86/2 | Градоначалник |
| 17.01.2024 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Решението за именување на член - вработен во општинската администрација на Општина Валандово во Управниот одбор на Ј.У. Центар за социјална работа Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Решението за именување на член - вработен во општинската администрација на Општина Валандово во Управниот одбор на Ј.У. Центар за социјална работа Валандово, што Советот на Општина Валандово го донесе на триесеттата редовна седница, одржана на ден 31.01.2024 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-178/15 | Градоначалник |
| 31.01.2024 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 183 став 3 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на РСМ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 43 и член 50 став 2 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на триесеттата редовна седница одржана на ден 31.01.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за предлагање на член на Управниот одбор на Ј.У.Центар за социјална работа Валандово**

**1.** За член на Управниот одбор на Ј.У.Центар за социјална работа-Валандово, Советот на Општина Валандово ја/го предлага:

- Стефан Димитров – Магистар по право од областа на деловното право, вработен во општинската администрација на Општина Валандово, на работно место Соработник за правни, административни и општи работи.

**2**. Со денот на влегувањето во сила на оваа Решение престанува да важи Решението за предлагање член на Управниот одбор на Ј.У.Центар за социјална работа-Валандово бр.08-151/6 од 06.12.2019 година.

**3.** Ова Решение влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-15/15 | Совет на Општина Валандово |
| 31.01.2024 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2024 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесеттата редовна седница, одржана на ден 31.01.2024 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-178/3 | Градоначалник |
| 31.01.2024 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 33 став 2 и 3 во врска со член 34 од Законот за Буџетите (“Службен весник на РМ” бр. 64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и “Службен весник на РСМ” бр.151/21), член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесеттата редовна седница, одржана на ден 31.01.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2024 година на следниот начин:

Потпрограма и назив на потпрограмата
Потст. и опис на потст. Буџет Самофин.. Дотации Донации Кред..

**Н20 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ**

| Потст. и опис на потст. | Буџет | Самофин.. | Дотации | Донации | Кред.. |
|---|---|---|---|---|---|
| 425520 Заштита од штетници во земјоделство | 0 | -120.000 | 0 | 0 | 0 |
| 420120 Патување во земјата- патни расходи | 0 | -30.000 | 0 | 0 | 0 |
| 423110 Канцелариски материјали | 0 | -50.000 | 0 | 0 | 0 |
| 421410 Гориво за моторни возила | 0 | -54.000 | 0 | 0 | 0 |
| 483290 Купување на друга опрема | 0 | 254.000 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината" и станува дел на Буџетот на Општина Валандово за 2024 година.

Бр.08-15/3 Совет на Општина Валандово
31.01.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за доделување на признание и еднократен паричен надоместок за освоени награди на меѓународни државни натпревари**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за доделување на признание и еднократен паричен надоместок за освоени награди на меѓународни државни натпревари, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесеттата редовна седница, одржана на ден 31.01.2024 година.

Бр.09-178/4 Градоначалник
31.01.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник" на РСМ. Бр. 05/2002) и член 21 став 1 точка 40, члн 45 и 47 став 1 ос Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на триесеттата редовна седницата одржана на ден 31.01.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување на признание и еднократен паричен надоместок за освоени награди на меѓународни и државни натпревари**

Член 1

Со оваа Одлука Општина Валандово востановува доделување на признание и еднократен паричен надоместок за учениците од средното и основните училишта од Општина Валандово кои покажале успех и освоиле една од наградите во поединечна или екипна конкуренција на државен или меѓународен натпревар, по сите предмети кои се изучуваат во основното и средното образование.

Член 2

За учество на меѓународен натпревар ќе се смета учеството кое е обезбедено преку државен натпревар.

Член 3

За освоена награда на државен натпревар се определува следниот еднократен паричен надоместок:

1. За освоено прво место - 10.000 денари
2. За освоено второ место - 7.000 денари
3. За освоено трето место - 5.000 денари

Член 4

За освоена награда на меѓународен натпревар се определува следниот еднократен паричен надоместок:

1. За освоено прво место – 30.000 денари
2. За освоено второ место - 20.000 денари
3. За освоено трето место – 10.000 денари

Член 5

За освоена екипна награда на меѓународен и државен натпревар за екипата се востановува награда во форма на диплома.

Член 6

За освоена екипна награда на државен натпревар се определува следниот поединечен еднократен паричен надоместок за членовите на екипата:

1. За освоено прво место – по 4.000 денари
2. За освоено второ место – по 3.000 денари
3. За освоено трето место – по 2.000 денари

Член 7

За освоена екипна награда на меѓународен натпревар се определува следниот поединечен еднократен паричен надоместок за членовите на екипата:

1. За освоено прво место – по 10.000 денари
2. За освоено второ место – по 7.000 денари
3. За освоено трето место – по 5.000 денари

Член 8

За менторот на ученикот во поединечна конкуренција, се определува еднократен паричен надоместок во висина од 50% од освоената поединечна награда.

За менторот на учениците во екипното натпреварување, за освоена екипна награда на државен натпревар се определува еднократен паричен износ во висина од:

1. За освоено прво место – 10.000 денари
2. За освоено второ место – 7.000 денари
3. За освоено трето место – 5.000 денари

За менторот на учениците во екипното натпреварување, за освоена екипна награда на меѓународен натпревар се определува еднократен паричен износ во висина од:

1. За освоено прво место – 20.000 денари
2. За освоено второ место – 15.000 денари
3. За освоено трето место – 10.000 денари

Член 9

Еднократниот паричен надоместок, согласно оваа одлука, врз основа на приложен доказ за освоена награда, ќе се исплаќа на трансакциона сметка на добитникот/ниците.

Член 10

Со влегувањето во сила на ова Одлука престанува да важи Одлуката за доделување на признание и еднократен паричен надоместок за освоени награди на меѓународни и државни натпревари бр.07-40/19 од 27.05.2014 година.

Член 11

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-15/4 Совет на Општина Валандово
31.01.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за определување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за определување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2024 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесеттата редовна седница, одржана на ден 31.01.2024 година.

Бр.09-178/9 Градоначалник
31.01.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 5 од Законот за даноците на имот („Службен весник на РМ" бр.61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16 и „Службен весник на РСМ" бр.151/21), член 5 став 1 од Законот за процена („Службен весник на РМ" бр.115/2010, 158/2011, 185/2011, 64/2012, 188/2014, 104/2015, 153/2015, 192/2015 и 30/2016), член 12 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот („Службен весник на РМ" бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14), член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002), член 21 став 1 точка 5, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово триесеттата редовна седница одржана на ден 31.01.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2024 година.

**Член 2**

Пазарната вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште на подрачјето на Општина Валандово, се утврдува според просечната цена на извршените купопродажби во годината која и претходи на годината за која се врши процена на земјиштето.

**Член 3**

Просечната цена за утврдување на пазарната вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште на подрачјето на Општина Валандово, по населени места и зони е следната:

| **Населено место** | **Градежно неизградено земјиште** | | **Градежно изградено земјиште (дворно место)** | |
|---|---|---|---|---|
| | **прва зона ден./м²** | **втора зона ден./м²** | **прва зона ден./м²** | **втора зона ден./м²** |
| Валандово | 1.400 | 1.000 | 800 | 600 |
| Пирава | 800 | | 500 | |
| Јосифово | 800 | | 500 | |
| Удово | 800 | | 500 | |
| Раброво | 700 | | 400 | |
| Брајковци | 600 | | 350 | |
| Балинци | 600 | | 350 | |
| Марвинци | 600 | | 350 | |

| | | |
|---|---|---|
| Горна Маала | 400 | 200 |
| Калково | 400 | 200 |
| Чалакли | 400 | 200 |
| Градец | 250 | 130 |
| Грчиште | 250 | 130 |
| Собри | 250 | 130 |
| Дедели | 250 | 130 |
| Башибос | 150 | 90 |
| Казандол | 150 | 90 |
| Останати населби | 120 | 80 |

**Член 4**

Во случаи кога цената постигната во актот за пренос на правото на сопственост е повисока од пазарната вредност утврдена согласно со Методологијата за проценка на пазарната вредност, од страна на овластен проценител, даночна основа ќе биде цената постигната во актот за пренос на правото на сопственост.

**Член 5**

Утврдувањето на пазарната вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште, врз основа на определените просечни цени од табеларниот преглед на оваа Одлука, ја врши овластен проценител.

**Член 6**

Со влегувањето на сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште на подрачјето на Општина Валандово бр.08-8/9 од 31.01.2023 година.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-15/9 Совет на Општина Валандово
31.01.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за определување на просечната цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шуми и пасишта на подрачјето на Општина Валандово за 2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за определување на просечната цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шуми и пасишта на подрачјето на Општина Валандово за 2024 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесеттата редовна седница, одржана на ден 31.01.2024 година.

Бр.09-178/10 Градоначалник
31.01.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 5 од Законот за даноците на имот („Службен весник на РМ“ бр.61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16 и „Службен весник на РСМ“ бр.151/21), член 5 став 1 од Законот за процена („Службен весник на РМ“ бр.115/2010, 158/2011, 185/2011, 64/2012, 188/2014, 104/2015, 153/2015, 192/2015 и 30/2016), член 13 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот („Службен весник на РМ“ бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14), член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002), член 21 став 1 точка 5, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесеттата редовна седница одржана на ден 31.01.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на земјоделско земјиште, шуми и пасишта на подрачјето на Општина Валандово за 2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува просечна цена за утврдување на пазарна вредност на земјоделско земјиште, шуми и пасишта на подрачјето на Општина Валандово за 2024 година.

**Член 2**

Пазарната вредност на земјоделско земјиште, шуми и пасишта на подрачјето на Општина Валандово, се утврдува според просечната цена на извршените купопродажби во годината која и претходи на годината за која се врши утврдување на данокот на имот.

**Член 3**

При утврдувањето на пазарната вредност на земјоделското земјиште ќе се зема во предвид местоположбата, катастарската култура, класата, опфатеноста со систем за наводнување.

**Член 4**

Врз основа на критериумите од член 2 и член 3 од оваа Одлука, просечната цена која ќе се применува за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата на подрачјето на Општина Валандово, е прикажана во табеларниот преглед кој е прилог на оваа Одлука.

**Член 5**

Во случаи кога цената постигната во актот за пренос на правото на сопственост е повисока од пазарната вредност утврдена согласно со Методологијата за проценка на пазарната вредност, од страна на

овластен проценител, даночна основа ќе биде цената постигната во актот за пренос на правото на сопственост.

**Член 6**

Утврдувањето на пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата, врз основа на определените просечни цени од табеларниот преглед на оваа Одлука, ја врши овластен проценител.

**Член 7**

Со влегувањето на сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на земјоделско земјиште, шуми и пасишта на подрачјето на Општина Валандово бр.08-8/10 од 31.01.2023 година.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-15/10 | Совет на Општина Валандово |
| 31.01.2024 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

**П р е г л е д**
**на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на земјоделско земјиште по населени места на подрачјето на Општина Валандово**

| вид | Цена на земјоделско земјиште во близина на населено место/ м$^2$ | | Цена по катастарска култура и класа /м$^2$ | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Нива | | | | Лозови насади | | Овошни насади | | Пасишта | Шума | Ливада |
| класа | I зона | II зона | 1,2 | 3,4 | 5,6 | 7,8 | 1,2,3,4 | 5,6,7 | 1,2,3,4 | 5,6,7 | Сите класи | Сите класи | Сите класи |
| Валандово | 450 | 200 | 65 | 55 | 45 | 35 | 100 | 55 | 100 | 55 | 45 | 50 | 50 |
| Пирава | 250 | 150 | 60 | 50 | 40 | 30 | 90 | 50 | 90 | 50 | 40 | 40 | 40 |
| Јосифово | 250 | 100 | 60 | 50 | 40 | 30 | 90 | 50 | 90 | 50 | 40 | 40 | 40 |
| Удово | 250 | 100 | 60 | 50 | 40 | 30 | 90 | 50 | 90 | 50 | 40 | 40 | 40 |
| Раброво | 300 | 100 | 60 | 50 | 40 | 30 | 90 | 50 | 90 | 50 | 40 | 40 | 40 |
| Горна Маала | 150 | 80 | 60 | 50 | 40 | 30 | 90 | 50 | 90 | 50 | 40 | 40 | 40 |
| Брајковци | 150 | 70 | 50 | 40 | 30 | 25 | 65 | 40 | 65 | 40 | 35 | 35 | 35 |
| Балинци | 150 | 70 | 50 | 40 | 30 | 25 | 65 | 40 | 65 | 40 | 35 | 35 | 35 |
| Марвинци | 150 | 70 | 50 | 40 | 30 | 25 | 65 | 40 | 65 | 40 | 35 | 35 | 35 |
| Грчиште | 100 | 50 | 40 | 30 | 25 | 15 | 50 | 40 | 50 | 40 | 30 | 35 | 30 |
| Калково | 150 | 70 | 60 | 50 | 40 | 30 | 90 | 35 | 90 | 35 | 40 | 30 | 35 |
| Собри | 100 | 50 | 40 | 30 | 25 | 15 | 50 | 50 | 50 | 50 | 30 | 40 | 30 |
| Чалакли | 100 | 50 | 40 | 30 | 25 | 15 | 50 | 35 | 50 | 35 | 30 | 30 | 30 |
| Дедели | 100 | 50 | 40 | 30 | 25 | 15 | 50 | 35 | 50 | 35 | 30 | 30 | 30 |
| Башибос | 80 | 50 | 40 | 30 | 25 | 15 | 50 | 35 | 50 | 35 | 30 | 30 | 30 |
| Казандол | 80 | 50 | 40 | 30 | 25 | 15 | 50 | 35 | 50 | 35 | 30 | 30 | 30 |
| Останати населби | 80 | 50 | 40 | 30 | 25 | 15 | 50 | 35 | 50 | 35 | 30 | 30 | 30 |

